**КИНОЛОШКИ СОЈУЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ул. Коста Шахов бр. 6-1/1, 1000 Скопје; П.Фах 728; Тел./Факс +389 23 085 860; e-mail: karmkd@gmail.com**

Скопје, 04.12.2018 год.

**З А П И С Н И К**

Од Состанокот на членовите на Извршен одбор на КСМ, одржан на 04.12.2018 година, со почеток во 17:00 часот во просториите на сојузот.
На состанокот присуствуваа 4 члена од вкупно 8, во состав: Миле Алексоски-Претседател на КСМ, Горан Дојчиноски, Дончо Борисов и Мирослав Трајков, членови на ИО при КСМ.
Составен дел на Записникот е списокот на присатните членови на Извршен одбор на КСМ со своерачни потписи.
Состанокот го отвори и со него раководеше Председателот на КСРМ, Миле Алексоски.

**Дневен ред**

1. Закажување на вонредно Собрание

За записничар беше предложена Слаѓана Поповска – технички секретар на КСРМ.

Председателот на КСРМ, Миле Алексоски на почеток ги праша присутните дали се согласуваат со предложениот дневен ред , Мирослав Трајков имаше дополна на истиот и тоа: За прва точка да остане предложената -Закажување на вонредно Собрание, за втора ја предложи – предлог за прием на нови членки во КСМ, како трета-жалба по дисциплинска постапка против лицето Стефанија Даскалаки и на крај точка Разно.
Предложениот, изменет дневен ред беше едногласно прифатен од присутните.

1. По првата точка, закажување на вонредно Собрание, Претседателот на КСМ-Миле Алексоски кажа дека по советување со правно лице, вонредното Собрание може да се закаже, нема поминато 30 дена од од поднесеното барање за свикување на вонредно Собрание од 23 членки. По тој основ предложи датум за одржување на вонредното Собрание да биде 21.12.2018 год со почеток во 18:00 часот.
   Предлогот се стави на гласање и со 4 гласа за, беше едногласно усвоен. Со тоа се донесе **ОДЛУКА** да вонредно Собрание на КСМ се одржи на ден 21.12.2018 год со почеток во 18:00 часот.
2. По втората точка од дневниот ред за прием на нови членки во КСМ, Трајков се изјасни дека нема ништо против за донесување на ваква одлука, потребно е секој град да има свое друштво или клуб,особено недостасува во Штип, знаеме дека порано, пред 6-7 години во Гевгелија се вадело по 1 легло, а сега тоа се редовно до 20 легла, што значи дека доколку немало основано КД, ќе се останело на старата бројка. Истото се сччучува со Радовиш и Струмица. Токму затоа, треба да се подржат нови клубови и друштва, особено онаму каде што ги нема.
   Предлози за нови членки се:
   - Кинолошко друштво “Вила Зора” од Велес
   - Кинолошки клуб за јапонска Акита од Радовиш
   - Кинолошко друштво “Златен Ретривер” од Делчево

   За последното друштво, Трајков не се согласува во потполност со името кое асоцира на расов клуб, но имајќи до сега пример на друштво со име Шарпланинец - од Тетово, тогаш не би имал против името и за ова друштво.
   Предлогот за прием на овие три членки беше ставен на гласање и едногласно беше донесена **ОДЛУКА** дека Кинолошко друштво “Вила Зора” од Велес, Кинолошки клуб за

јапонска Акита од Радовиш и Кинолошко друштво “Златен Ретривер” од Делчево се прифаќаат како предлози за прием во КСМ.

3. За третата точка од дневниот ред, жалба по дисциплинска постапка против лицето Стефанија Даскалаки, Трајков потенцираше дека за ваков случај убаво е да одлуката се изгласа од сите членови на ИО, затоа предлага сега да се изјаснат присатните, а останатите тоа да го сторат по e-mail.
Алексоски предлага да точката оди на Собрание и таму да се изјаснат и да се одлучи по неа или да оди со изјаснување на секој член поединечно.
Следеше поединечно изјаснување.

- Мирослав Трајков, ја прифаќа одлуката на Дисциплински суд и се согласува со истата (следи своерачен потпис)

- Дончо Борисов, ја прифаќа одлуката на Дисциплински суд и се согласува со истата (следи своерачен потпис)

- Горан Дојчиноски, ја прифаќа одлуката на Дисциплински суд и се согласува со истата (следи своерачен потпис)

- Миле Алексоски, ја прифаќа одлуката на Дисциплински суд и се согласува со истата (следи своерачен потпис)

4. По точка-Разно, Претседателот Алексоски предложи да официјалниот печат од сојузот биде кај Потпредседателот Дојчиноски, се до одржување на вонредното Собрание на 21.12.2018 год и тој ќе се служи со него (на предстојните изложби, во канцеларија и на вонредното Собрание)
Полномоштвата за закажаното вонредното Собрание да бидат потпишани од Претседателот и да бидат печатирани со официјалниот печат на сојузот и испратени на официјалните адреси од веб страницата по Карго.
И овие два предлога беа едногласно прифатени.

Собирот заврши во 20:55 часот.

Записничар: Претседател на КСМ

Слаѓана Поповска Миле Алексоски